**ОПШТИНА БЕРОВО**

# ЗАПИСНИК ОД 38.МА РЕДОВНА СЕДНИЦА

---

**[НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО]**

# ЗАПИСНИК ОД 38.МАТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО, ОДРЖАНА НА 30.04.2012 ГОДИНА ВО САЛАТА ЗА СОСТАНОЦИ НА ОПШТИНА БЕРОВО СО ПОЧЕТОК ВО 09:00 ЧАСОТ

Седницата ја отвори и со неа раководеше Славчо Аждерски, најстариот член на Советот.

Од вкупно 15 советници, на седницата беа присутни сите 15 советници: Емилија Шуманска, Славчо Аждерски, Славчо Буровски, Зоран Мазновски, Лилјана Полевска, Љупка Дупкарска, Владо Клинчарски, Ванчо Ременски, Горан Буровски, Ванчо Брашнарски, Љупчо Русковски, Јагода Шахпаска, Драги Белчовски, Илија Рунтевски и Јован Матеничарски.

Претседавачот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и: Градоначалникот на Општина Берово Драги Наџински, Раководителот на Одделението за финансии, буџет, општински имот и администрирање на даноци Звонко Пекевски , Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански и Директорот на Јавното Претпријатие за Комунални Работи Љупчо Дракалски.

За работата на Советот на оваа седница, Претседавачот со Советот го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД**

**1.Усвојување на Записник од 33.та седница на Советот на Општина Берово одржана на 28.03.2012 година;**

**2.Усвојување на Записник од 37.ма седница на Советот на Општина Берово одржана на 06.04.2012 година;**

**3.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за прв квартал од 2012 година;**

**4.Предлог-Правилник за критериуми, постапка о реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош за физички лица (поединци), социјално загрозени семејства, за еднократна парична помош за лекување и за еднократна парична помош за пожар;**

**5.Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово“-дел од урбан блок 5 мало стопанство и сервиси;**

**6. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово“-за десна страна од Кеј Брегалница;**

**7. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ГУП Берово“-зона за мало стопанство и лесна индустрија;**

**8. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за мало стопанство-влезна партија;**

**9.Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за Етно Село-Етно Парк во Берово;**

**10.Предлог-Одлука за отпочнување на постапка за „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за производство и лесна индустрија;**

**11.Извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година;**

**12.Финансиски извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година;**

**13.Програма за работа на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2012 година;**

**14.Извештај за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**15.Извештај за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**16.Извештај за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**17.Извештај за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**18.Барања од институции и граѓани;**

**19.Советнички иницијативи и прашања.**

Претседавачот со Советот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Градоначалникот Драги Наџински побара 4.тата точка од дневниот ред да биде повлечена.

Советникот Зоран Мазновски побара на истото место да биде ставен Предлог-Правилникот за критериуми, постапка и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош за физички лица (поединци), социјално загрозени семејства, за еднократна парична помош за лекување и за еднократна парична помош за пожар.

Советничката Јагода Шахпаска постави прашање до Градоначалникот Драги Наџински зошто сака да ја повлече 4.тата точка.

Градоначалникот Драги Наџински и одговори на советничката дека има констатирано и заклучено дека при самата изработка на ДУП има некои неусогласувања со правилникот, па смета дека не треба да се гласа нешто кое што е спротивно со законот.

Претседавачот со Советот го стави предлогот на Градоначалникот Драги Наџински и советникот Зоран Мазновски на гласање. Од присутните 15 советници, со 11 гласа ЗА и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предлогот на Градоначалникот Драги Наџински и советникот Зоран Мазновски.

Бидејќи нико друг не се јави за дискусија, Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот предлог-дневен ред за работа на 38.мата седница:

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.Усвојување на Записник од 33.та седница на Советот на Општина Берово одржана на 28.03.2012 година;**

**2.Усвојување на Записник од 37.ма седница на Советот на Општина Берово одржана на 06.04.2012 година;**

**3.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за прв квартал од 2012 година;**

**4.Предлог-Правилник за критериуми, постапка о реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош за физички лица (поединци), социјално загрозени семејства, за еднократна парична помош за лекување и за еднократна парична помош за пожар;**

**5.Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово“-дел од урбан блок 5 мало стопанство и сервиси;**

**6. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово“-за десна страна од Кеј Брегалница;**

**7. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ГУП Берово“-зона за мало стопанство и лесна индустрија;**

**8. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за мало стопанство-влезна партија;**

**9.Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за Етно Село-Етно Парк во Берово;**

**10.Предлог-Одлука за отпочнување на постапка за „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за производство и лесна индустрија;**

**11.Извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година;**

**12.Финансиски извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година;**

**13.Програма за работа на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2012 година;**

**14.Извештај за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**15.Извештај за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**16.Извештај за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**17.Извештај за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година;**

**18.Барања од институции и граѓани;**

**19.Советнички иницијативи и прашања.**

**УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАПИСНИК ОД ПРЕТХОДНО ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА СОВЕТ**

**1.Усвојување на Записник од 33.та седница на Советот на Општина Берово одржана на 28.03.2012 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по Записникот од 33.тата седница на Советот на Општина Берово.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Записникот од 33.тата седница.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Записникот од 33.тата седница.

**2.Усвојување на Записник од 37.ма седница на Советот на Општина Берово одржана на 06.04.2012 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по Записникот од 37.мата седница на Советот на Општина Берово.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Записникот од 37.мата седница.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Записникот од 37.мата седница.

**3.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за прв квартал од 2012 година**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред. Му даде збор на советникот Јован Матеничарски.

Советникот Јован Матеничарски побара да се повика Раководителот на Одделението за финансии, буџет, општински имот и администрирање на даноци Звонко Пекевски, да даде образложение по 3.тата точка од дневниот ред, бидејќи комисиите не се состанале.

Претседавачот на советот му даде збор на образлагачот Звонко Пекевски, Раководител на Одделението за финансии, буџет, општински имот и администрирање на даноци Звонко Пекевски. Тој објасни дека сметката на основниот буџет 630 реализирана во првиот квартал од 2012 година изнесува 16,7%, или 9.461.430,00 денари, која што е поголема наплата во неколку % во споредба со истиот период од минатата година. Тој објасни дека годинава доминира наплатата од концесии, односно од данок на имот, а се доставуваат и решенија за присилна наплата. Во самофинансирачки активности и донации има поголеми расходи бидејќи има пренесено салдо од претходната година. Се надоврза дека секогаш во првиот квартал има најслаба реализација заради самата структура. Раководителот праша за да не должи многу да постават директно прашања доколку имаат нешто нејасно.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за прв квартал од 2012 година.

Од присутните 15 советници, со 9 гласови ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово за прв квартал од 2012 година.

**4.Предлог-Правилник за критериуми, постапка и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош за физички лица (поединци), социјално загрозени семејства, за еднократна парична помош за лекување и за еднократна парична помош за пожар**

Претседавачот со Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред. Збор и даде на советничката Лилјана Полевска, која што од име на советничката група на СДСМ побара кратка 10 минутна пауза за да го разгледаат Предлог-Правилникот.

После паузата седницата беше продолжена. Претседавачот со Советот и даде збор на советничката Љупка Дупкарска, која побара дополнување и измена на Предлог-Правилникот во член 8, наместо „во рок од 60 дена од донесената одлука, а во итни и неодложни ситуации во рок од 10 дена“, да се дополни истото со „зависно и согласно од финансиските можности на Општината“. Исто така побара и првата страна да се надополни правниот основ на што се донесува овој правилник, со „ согласно член 62, став 1 точка 1 од Законот за Локална Самоуправа и член 73 од Статутот на Општината.“

Советничката Лилјана Полевска побара во член 3 да се додаде став 4 - спортски и културни настани, односно да има средства за спортски и културни настани.

Советничката Љупка Дупкарска образложи дека бидејќи има програма за култура од општината, со таа програма се предвидени средства од таа област, нема потреба за такви средства во правилникот.

Советникот Зоран Мазновски се надоврза исто така на дискусијата, дека се распишува повик до сите здруженија, невладини организации, спортски клубови и сл. за да си направат програма за да користат средства од општината.

Претседавачот со Советот му даде збор на Градоначалникот Драги Наџински. Градоначалникот објасни дека правилникот кој е изработен од страна на советничката Љупка Дупкарска е во целост со правилникот и работата на Советот при Општина Берово. Преку одделението за ЛЕР, кои имаат направено програми, врз нивна основа Општината распишала јавен повик до сите спортски друштва за доделување на финансиски средства. Тие програми се доставени веќе од неколку спортски друштва и месни заедници и смета дека нема потреба да се дуплираат работите, истите барања да се доставуваат и до Советот и до Градоначалникот. А овде се работи за средства од ставката резерви, на кој начин и по каков правилник ќе бидат распределени, затоа што средства од резервите не се распределуваат за турнири, а ни за културни настани.

Советничката Лилјана Полевска предложи во член 4 од правилникот, последната сума од 4000 денари да се промени на 6000 денари.

Советничката Љупка Дупкарска образложи дека овој правилник е направен во консултации и со други општини, а во некои поголеми и поразвиени општини има и пониски ставки, така да овие суми се во склад со можностите на Општината.

Советничката Лилјана Полевска постави прашање дали е позната сумата за лекување надвор од државата.

Советничката Јагода Шахпаска се надоврза дека тоа е и по нејзина сугестија, да се изедначат сумите, мислејќи на лекувањето во странство, без разлика на тоа дали е оперативен зафат или конзервативен третман. Како пример ја посочи леукемијата, за која нема оперативен зафат, а можеби треба да се третира во странство. Тоа се животно загрозувачки состојби, а за лекување во странство и оперативен зафат во странство, да биде 6000 денари наместо 4000 денари.

Советничката Љупка Дупкарска се надоврза дека и во други општини со поголем финансиски капацитет имаат помали суми од овие во овој правилник.

Советничката Лилјана Полевска постави прашање до советничката Љупка Дупкарска во член 6, за причинета штета од пожар, кој ќе ја процени штетата.

Советничката Љупка Дупкарска одговори дека согласно Законот за кривична постапка и кривични дела, кога оди МВР на лице место се пишува штетата, дали е од голем или од мал размер. Во записникот секогаш се опишува штетата. Ако не е преценета штетата, на Советот ќе се види од приложената документација од каков размер е штетата, од приложеното барање од граѓаните, а помошта ќе ја добијат врз основ на приложената документација.

Советничката Јагода Шахпаска праша кој би бил критериумот кога се работи за голема штета тоа да се претвори во бројки, доколку е направена штета над или под 100 000 денари. Посочи на пример каде ќе се даде помош од 10 000 денари.

Советничката Љупка Дупкарска одговори дека за ова прашање може да побараат помош и консултации од Територијалната противпожарна единица во Берово, зависно од тоа колкав обем има пожарот, а во некои ситуации и самите тие да одлучат како Совет, во зависност од документацијата.

Градоначалникот Драги Наџински објасни дека од искуство при добивање на запсиници од направена штета од  пожар, се гледа дека во првичниот записник дека е направена голема материјална штета или

незначителна штета. После тоа, при поведување на кривична постапка, сопственикот на објектот кој е оштетен, прави уште едно барање, кое Вие можете да го видите како Совет. Секаде каде е направена голема штета, може да се дадат 10 000 денари, каде што пишува дека е незначителна, може да се дадат 5000 денари. Образложи дека не е децидно кажано кој е износот за голема, а кој за незначителна материјална штета.

Советникот Владо Клинчарски праша дали член 4 се однесува само за социјални корисници, корисници на социјална помош, или треба да ја користат и лица со технолошки вишок, со мали примања, бидејќи мисли дека треба да се земат и тие во предвид.

Советничката Љупка Дупкарска предложи сега за сега да оди правилникот така, а со тек на искуство, за наредните седници, добивајќи барања од граѓаните, ќе се види како ќе биде.

Градоначалникот Драги Наџински се надоврза на прашањето на советникот Владо Клинчарски дека тоа се коси со Законот за социјална заштита, бидејќи не може да се дава социјална помош на некој што зема технолошки или на некој што има имот врз негово име. Помош се дава и на болни луѓе, а и на социјални корисници.

Советничката Јагода Шахпаска го праша Градоначалникот Драги Наџински кој ја носи одлуката за средствата од програмата за култура, дали тоа е негово ексклузивно право.

Градоначалникот Драги Наџински одговори дека одлучуваат заедно Градоначалникот и одделението за ЛЕР.

Советникот Зоран Мазновски се надоврза дека може да се случи да се поднесат исти барања и до Градоначалникот и до Советот, ама овде никој не ја одзема ингеренцијата за одлучување. Се работи овде за помош, а не за спонзорства. Треба да се разделат нештата, за да не се мешаат. Со ова се предвидени средства за една категорија.

Советникот Љупчо Русковски праша дали корисниците на средства од ставката резерви можат да бидат само граѓани од Општина Берово или и други.

Советничката Љупка Дупкарска кажа дека не е потенцирано како посебен член во правилникот, но се однесува само на граѓаните од Општина Берово.

Советничката Емилија Шуманска праша кога станува за самохрана мајка дали треба да побара средства од член 5, а во исто време и се случи пожар, или лекување во странство, дали ќе се одобрат и по двата основа средства за истата личност.

Градоначалникот одговори дека ќе се одобруваат средства и по два и по повеќе основи, да не дојде ред само да се случуваат одеднаш и да не се поставуваат такви хипотетички прашања во интерес на времето.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Предлог-Правилник за критериуми, постапка и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош за физички лица (поединци), социјално загрозени семејства, за еднократна парична помош за лекување и за еднократна парична помош за пожар со измените во преамбулата, со предлогот на советничката Јагода Шахпаска и со дополнувањето во член 8 да стои-„зависно и согласно финансиските можности на Општината“.

Од присутните 15 советници, со 11 гласови ЗА, 4 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот ги усвои измените во Правилникот.

Од присутните 15 советници, со 11 гласови ЗА, 4 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот го усвои Предлог-Правилникот за критериуми, постапка и реализација на трансфери по поднесени барања за еднократна парична помош за физички лица (поединци), социјално загрозени семејства, за еднократна парична помош за лекување и за еднократна парична помош за пожар.

5.**Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово“-дел од урбан блок 5 мало стопанство и сервиси**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 5. од дневниот ред.

Советничката Лилјана Полевска предложи да се повика Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански да ги образложи измените и дополнувањата.

Претседавачот на Советот му даде збор на Градоначалникот Драги Наџински, кој накратко образложи дека измената е опфатот на сегашна Исхрана, катастарска парцела која треба да се разработи во ДУП од причина што стечајниот управник ги продава објектите поединечно. Може да се случи ако не се направи ДУП,

сопствениците да не можат да си пријдат до нивниот објект, па затоа е потребен ДУП, да се продаваат посебно објектите и да имаме сознание дека се продадени. Да не се случи истото со новото АТШ кои сопственици не си дозволуваат едни на други да минуваат и овде.

Претседавачот на Советот му даде збор на Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански. Тој објасни дека тоа се огромни планови и имаат по една скица во материјалите каде се определени содржината и границите на опфатот кои сакаме да ги реализираме. Урбан блок 5 е определен со Генералниот План, на 12 блокови. Го објасни опфатот на делот што сакаат да се измени, од стара Исхрана, е направена делба која ги опфаќа сите дворни места и прилози кон сите, да бидат дел од јавна површина, секој објект да си добие парцела. Намената во ГУП е да се добие бензинска станица, за која веќе пројавиле интерес Лукоил. Намената е се освен тешка и загадувачка индустрија, значи кој има сопственост на објектите 30 од парцелата може да се дооформи. Може да се направи и спортска сала или куглана, а 50 % делот да биде малостопанство. Во јужната страна има 5 плацови од кои 3 сега се изградени, 2 се слободни и ние сега ги прошируваме.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово"-дел од урбан блок 5 мало стопанство и сервиси.

Од присутните 15 советници, со 8 гласови ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово"-дел од урбан блок 5 мало стопанство и сервиси.

Градоначалникот Драги Наџински побара збор за да апелира до советничката група на СДСМ да биде поконструктивна во донесувањето на одлуките, бидејќи се контардикорни сами на себе, првин донесуваат одлука да се направи ДУП, а после изготвениот УП не го гласаат, а не даваат ни забелешки во врска со него. Се работи за интерес на Општината, одлука која веќе била гласана со 15 гласа ЗА да се направи ДУП, а сега нацрт-плановите не ги гласаат. Апелот се однесува да не се косат со позитивното работење на Општината.

**6. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово"-за десна страна од Кеј Брегалница**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 6. од дневниот ред. Збор му даде на Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански објасни дека оваа измена опфаќа ул.„Партизанска"-од полицијата до мостот на р.Брегалница, ул.„Маршал Тито", ул.„Мирче Ацев" до стариот хотел и ул.„23-ти Август" заклучно со р.Брегалница, дел од левата страна на р.Брегалница било усвоено како измена и дополна, а дел се дополнува-централниот дел околу реката се завршува. Тука претежно е стамбен дел, има средишни улици по ул.„Маршал Тито" каде самите граѓани сакале да се направат измени, каде има стари објекти кои постојат таму и сега се потврдени, а и да се зголеми можноста за доградба на секоја куќа според законот. А и на ул.„Моша Пијаде" која е една од најфреквентните улици, да се доградува на задната страна на куќите се дава можност да се доградува со измената. Покрај кејот било предвидено ново собрание, спроти Здравниот Дом и неколку мали комерцијални намени кои не биле дефинирани со површини туку со маркици. Имаше доградба на хотелот кој опфаќа во приватно земјиште и е тешка реализацијата на тој дел. Дел од кејот ќе има комерцијални објекти, би било атрактивно да има комерцијални хотели и пуштање на улица покрај кејот до стариот хотел, со кој би се заживеало подрачјето по кејот. Самите сопственици на земјиштето ќе имаат можност да инвестираат или да го продаваат земјиштето. Кај судот ќе има катна гаража со 50% компатибилност за комерцијална намена. Објектот на ООУ исто така се вметнува во оваа проекција.

Советникот Јован Матеничарски го праша Раководителот каков е тој објект кој е ставен до новата автобуска станица.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански одговори дека и тој реагирал за тој објект кој веќе бил даден како комплетно решение. Тоа е комерцијален објект кој тој сакал да биде избришан и е ставен во зеленилото, да остане зеленило или паркинг, инаку намената му е деловно-комерцијална, а нагоре стамбена. Може со анкети да се анкетираат луѓето и да се избрише доколку сакаат.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово"-за десна страна од Кеј Брегалница.

Од присутните 15 советници, со 14 гласови ЗА, 1 ВОЗДРЖАН, нема советници кои биле ПРОТИВ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ДУП Берово“-за десна страна од Кеј Брегалница.

**7. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ГУП Берово“-зона за мало стопанство и лесна индустрија**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 6. од дневниот ред. Збор му даде на Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански објасни дека измената на ГУП е од причина да се направи зона за мало стопанство до АТШ и по Владимирскиот пат. Некаде е околу 50 метри во ширина. Другото треба да биде можност за градба. Катастерските парцели ги имаме ставено по катастерските површини. Приватните парцели се со намена Г2 и Г3. Претходно е направена скица, која ја има во материјалите. Во ГУП има неколку измени, после стадионот, кај АРМ има доста приватни сопственици, кои ќе си го добијат земјиштето, училиштето позади собранието што е предвидена со стариот план да се смени во административно-деловно комерцијален дел и покрај кејот од страната на ул.„Моша Пијаде“ да биде за хотели, а спортски терени да има кај хотел Манастир.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ГУП Берово“-зона за мало стопанство и лесна индустрија.

Од присутните 15 советници, со 14 гласови ЗА, 1 ВОЗДРЖАН, нема советници кои биле ПРОТИВ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Измена и дополна на ГУП Берово“-зона за мало стопанство и лесна индустрија.

**8. Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за мало стопанство-влезна партија**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 8. од дневниот ред. Збор му даде на Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански образложи дека ова се наоѓа во ГУП на Берово на влезот во Берово во влезната партија, кај претходен Малеш, административните објекти на Малеш, тука е и трафостаницата која тука е регионална кон граничниот премин кај Делчево, и површината која е предвидена за терминал кога ќе се отвори граничниот премин, кај кого има 50% компатибилност за комерцијална намена. Другите парцели се од 2500-4000 квадрати за мала производствена хала, каде можат да се купуваат и по две парцели по потреба на купувачот па да се приспојат. Овде е и метеоролошката станица и сите се определени да имаат можност сопствениците да ги прошитуваат парцелите. Овде земјиштето скоро целото е на РМ, а мал дел е приватно. Тој образложи дека во овој дел е предвидена и можност за продолжување, односно пуштање на уште една улица ако има потреба, да се урбанизира средишниот дел на ЗИК Малеш кој сега е празен и лесно може да се прошири.

Советничката Лилјана Полевска го праша Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански, по информација која таа ја има добиено дека Општината нема таму ништо да менува, дека ќе има Европски средства и донации и доколку нешто се превземе дека штетата ќе ја плати Општината. Прашањето е колку од тоа има вистина.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански објасни дека тој дел во опфатот е дефиниран уште во 2001 година кога тоа е дефинирано како градежно земјиште. Образложи дека на сопствениците лично им е кажано, а и тој бил присутен на разговорот, кога им е кажано дека местото е дефинирано како градежно земјиште, кажани им се намерите дека ќе се прави план, согласно законите површина која е јавно опфатена со било какво планирање, сите кориснички права им престануваат, а за начин на обештетување треба да се разговара и преговара. Тоа е опфатено од 2001 година, а тие земјиштето го купуваат после 2001 година, тие можеле и да прашаат кога купувале ако сметаат дека не им е кажано. А се надоврза дека им било кажано и напоменато да не инвестираат таму.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за мало стопанство-влезна партија.

Од присутните 15 советници, со 8 гласови ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, нема советници кои се присутни а не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за мало стопанство-влезна партија.

**9.Предлог-Одлука за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за Етно Село-Етно Парк во Берово**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 9. од дневниот ред. Збор му даде на Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански објасни дека тоа е површина во ДУП определена со граници од хотел Манастир, до ул.„15-ти Корпус“ и завршува ориентационо до мостот кон св.Илија. Тоа е зона определена со ГУП, како специјална површина со посебни намени, каде најдовме можност за проектирање на етно село со специфични објекти од историјата на Малешевијата, да можат да се градат автентични Малешевски објекти со специфична архитектура препознатлива за Малешевијата. Сите објекти би имале посебна приказна со историско значење, а овде е ставен и манатсирскиот комплекс и хотел Манастир со неговото проширување. За црквата има место во склоп на манастирскиот комплекс.

Советникот Зоран Мазновски постави прашање до Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански, пред неколку години имало забрана за градење, со овој дел и со втората фаза што ќе ја има кој ќе може да гради и каква ќе биде формата на организирање за тоа што ќе се гради таму.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански одговори дека сопствениците на објектите ќе можат по нивна желба да инвестираат, не се преминува во намера да се направи експропријација на земјиштето. Сите сопственици на ова претежно приватно земјиште ќе можат да градат во тој дел кој е со специјална намена. Во текстуалниот дел е нагласено за автентични Малешевски објекти.

Советничката Лилјана Полевска го праша Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански на што се должи селективната приватизација во сегашниот опфат на етно паркот, бидејќи КО 1952, 1958, 1960, 8479 се приватизирани, а останатото земјиште е на РМ.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански одговори дека секој кој поднесе барање за приватизација во катастар, кај нив во одделението за урбанизам доаѓаат по извод од урбанистичкиот план. На сите им се пишува истото, нема селективност. Специјалната површина првиот пат во приватизацијата лицата си ја приватизирале во Имотно-правни. И кај нив има два типа на решенија, едниот според еден член не може да го приватизира, а другите пак не можат да се приватизираат по тој член, но може да се стават како земјоделско земјиште според друг член. Самата игра е меѓу решението од имотно-правни и од катастарот, по некој член не може да се стави земјоделско земјиште а по друг член може да се стави. Тоа е меѓу тие две институции, а со планот веќе е формирана парцелата и е дефинирана и може да се приватизира.

Советникот Јован Матеничарски се надоврза на дискусијата образложувајќи дека од излагањето на Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански, согледува дека сега тие објекти што се градат во тоа етно село треба сите парцели да се усогласат. Мисли дека приватно никој нема да изгради таков објект на сопствен плац, бидејќи тие објекти ќе бидат со комерцијална намена. Ако општината има намера да направи експропријација после ќе го продава, инаку инвеститор кој би го направил тоа комплетно би било решение, инаку никој не би направил.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански објасни дека законот го предвидува и тоа. Може да се направи и експропријација па да се продава.

Советничката Емилија Шуманска постави прашање до Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански дали требада се разграничи поимот Етно-Село со поимот Етно-Парк, бидејќи ако се објекти со комерцијални намени, нема потреба од Етно-Село, само од Етно-Парк, а доколку има и Етно-Село, таму треба да има и живот и население кое ќе живее.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански објасни дека Етно-Парк не може се да содржи, приемр во стара ковачилница како објект горе ќе има и соби за спање за да може личноста која ќе сака да види и да престојува таму. И хотел Манастир има откупено неколку парцели од тука, тие ќе стопанисуваат со тоа.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за Етно Село-Етно Парк во Берово.

Од присутните 15 советници, со 7 гласови ЗА, 5 ВОЗДРЖАНИ, 1 ПРОТИВ, 2 советници кои се присутни а не гласале бидејќи во моментот на гласање не биле во просторијата, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за утврдување на нацрт-план „Изработка на ДУП Берово“-за Етно Село-Етно Парк во Берово.

**10.Предлог-Одлука за отпочнување на постапка за „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за производство и лесна индустрија**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 10. од дневниот ред. Збор му даде на Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански.

Раководителот на Одделението за урбанизам Мишо Догазански кажа дека овде се работи за сопственините на Бекон, на Улмак и Алкалоид да се направи ДУП за да можат да си го приватизираат земјиштето. Со оваа измена која е поттекната од нив треба да почне постапка. Можно е и Датекс да се пресели овде. Со намена Г1 и Г2 да може да се направи ДУП, предлогот е даден да се отпочне ДУП со тие површини.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Предлог-Одлуката за отпочнување на постапка за „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за производство и лесна индустрија.

Од присутните 15 советници, со 12 гласови ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, никој советник не бил ПРОТИВ, 2 советници кои се присутни а не гласале бидејќи во моментот на гласање не биле во просторијата, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за отпочнување на постапка за „Изработка на ДУП Берово“-за градска зона за производство и лесна индустрија.

**11.Извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година**

Претседавачот на Советот отвори расправа по точка 11. од дневниот ред.

Советничката Лилјана Полевска побара збор. Таа постави прашање до директорот на ЈПКР„Усчуга“-Берово колку е нормално за една филтер станица да има загуби на вода, со оглед на тоа дека во јули е најмал коефициентот, а во ноември е најголем, а не се троши толку вода во неомври.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово одговори дека таму ги имаат сите податоци во извештајот. Одговори дека има загуби на вода и е нормално да има разлика. Тој кажа дека работат по програма за вода, од 2008/2009/2009 имале 60.9% во 2010, а 2011 спадналe на понизок %-56%. Во 2008 година било 75.2% загуба на вода. Објасни дека во споредба со другите Комунални претпријатија, сите се движат до 70% загуба на вода, а Берово е на исто ниво со Прилеп и Скопје. На Европско ниво загубата е некаде околу 30%.

Советникот Ванчо Брашнарски постави прашање до директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово како утврдуваат колку вода примаат а колку е загубата.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски одговори дека за суровата вода имаат водомер на филтер станицата, а таа вода преку филтрите кога минува, одредени количини се пуштаат во регионалниот а одредени во градската мрежа. Дефектите не се во тоа да не работат, тие се во исправна состојба, во фреквентно работење.

Советничката Јагода Шахпаска постави прашање до директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово да објасни што е тоа фреквентно работење, како вентилот мери вода, и дали на излезот на филтер станицата има исправен мерач за да утврдат колку вода излегува.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски одговори дека фреквентно работење значи дека континуирано работи. Тој објасни дека вентилот не може да мери вода, туку дека водомерот служи за мерење на вода. Има два водомери, знаат колку излегува вода, а тоа го имаат и во извештајот. Во период кога вентилот се поправа и во одредени ситуации не може да се процени колку вода излегува, додека да се поправи, тој период не може точно да се измери во литража, односно во метри кубни.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Извештајот за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година.

Од присутните 15 советници, со 8 гласови ЗА, 3 ВОЗДРЖАНИ, 4 ПРОТИВ, Советот го усвои Извештајот за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година.

**12.Финансиски извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по 12. точка од дневниот ред.

Советникот Јован Матеничарски го праша директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски зошто приходите се мали кога потрошувачката на вода е зголемена, а и зшото трошоците за вработените не се намалуваат врз основа на тоа дека е намален квалитетот.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски одговори дека во биланс на исплата и приходи на вработени во 2010 и 2011 има разлика од околу 900 000 денари. Тој приход е поголем во ланската година заради субвенцијата од ЕЛС која била доделена за пречистителната станица. Тоа што тој го вели е од пред 3 години, ништо не е повеќе од 2010 во 2011 година. Водата исто се троши и дистрибуира, само мал пад има заради Огражден и тоа во некој % во приходите, и во чистењето на сметот во с.Русиново со зголемувањето.

Советникот Јован Матеничарски постави прашање до Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски, зошто кога 70% од приходите одат за плата на вработените, се прават загуби во работењето, со акцент на дали не чувствуваат превработеност.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски одговори дека и претходната година зборувале на таа тема. ЈПКР е за услужни дејности, а не за профитирање. Одговори дека овде се работи за ЈПКР кое дава услуги, а тоа се трошоци кои се основни. Тој се изјасни дека ако се спореди со претходните години, нема зголемување.

Советникот Славчо Аждерски постави прашање до директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски зошто има 0% наплата во едногодишно работење, имајќи го во предвид работењето во текот на една година без наплата, бидеќи ненаплатената реализација е 37 милиони, па истото тоа асоцира како да година дена не работеле без приход.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски одговори дека се сложува со него. Се работи за наследени побарувања од 20 години наназад, а ако се споредат последните 3 години, ова е зголемено во многу минимален процент на наплата, за разлика од порано кога било 58%. Објасни дека има и некои оптужени предмети и нееларорирани предмети, како и некои патни налози.

Советникот Јован Матеничарски процедурално се надоврза дека не е точно дека сите премети кои заостанале се оптужени, бидејќи многу од нив се наплатени, а не дека сите се заостанати. Според него, мора да има и нови обврски кои не се платени. Од 2010 и 2011 година се зголемени за еден милион. Објасни дека најголем трошок носат вработените во ЈПКР.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски кажа дека 75% се наплаќа, а 25% се зголемуваат побарувањата. Објасни дека овде се работи за побарувања, а не за обврски. Тој кажа дека наследил доста проблеми, а и загуби од инфлаторните движења кои биле направени и од новите трошоци од пречистителната станица. На УО и на НО било дадено позитивно мислење за работењето на ЈПКР.

Советникот Ванчо Брашнарски постави прашање до директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски за збирниот % на наплата за деловни партнери, реонот 12-с.Митрашинци и 9-с.Будинарци, ако се гледа односот на селата со другите, тоа е 2 ипол пати помалку од с.Владимирово, на што се должи таа разлика.

Директорот на ЈПКР„Услуга“-Берово Љупчо Дракалски одговори дека се работи за сметот во с.Будинарци.

Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Финансискиот извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година.

Од присутните 15 советници, со 8 гласови ЗА, 4 ВОЗДРЖАНИ, 3 ПРОТИВ, Советот го усвои Финансискиот извештај за работењето на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2011 година.

**13.Програма за работа на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2012 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по 13. точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и ја стави на усвојување Програмата за работа на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2012 година. Од присутните 15 советници, со 8 гласови ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, Советот ја усвои Програмата за работа на ЈПКР„Услуга“-Берово за 2012 година.

**14.Извештај за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по 14. точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Извештајот за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година Од присутните 15 советници, со 14 гласови ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ,

Советот го усвои Извештајот за работа на овластен урбанистички и градежен инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година.

**15.Извештај за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по 15. точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Извештајот за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година Од присутните 15 советници, со 14 гласови ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, Советот го усвои Извештајот за работа на овластен комунален инспектор на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година.

**16.Извештај за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по 16. точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Извештајот за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година Од присутните 15 советници, со 14 гласови ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, Советот го усвои Извештајот за работа на овластен инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година.

**17.Извештај за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година**

Претседавачот со Советот отвори расправа по 17. точка од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за дискусија Претседавачот со Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување Извештајот за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година Од присутните 15 советници, со 14 гласови ЗА, 1 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, Советот го усвои Извештајот за работа на овластен инспектор за образование, спорт и култура на Општина Берово за периодот од 01.07.2011 до 31.12.2011 година.

**18.Барања од институции и граѓани**

-Претседавачот со Советот им ја произнесе информацијата од Советодавната Група на Граѓани за анализата во ООУ на присутните советници.

-Од страна на ООУ има доставено барање за дводневна екскурзија, за кое Советот се произнесе со заклучок дека програмата е прифатена. Од присутните 15 советници, со 12 гласа ЗА, 1 глас ВОЗДРЖАН, 2 советника кои биле присутни на седницата а во моментот на гласањето не биле присутни во просторијата.

-Во врска со барањето за парична помош на Аманда Арифовска, советникот Зоран Мазновски предложи да се одобри и да се реализира после стапувањето во сила на правилникот, а износот да биде 3000 денари.

Предлогот беше ставен на гласање и од присутните 15 советници, со 13 гласови ЗА, 2 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои биле ПРОТИВ, барањето за парична помош беше одобрено.

-Во врска со извештаите за вода, се одлучи да се известат инспекциските служби дека е во постапка обезбедувањето на квалитетна вода за пиење и на двете села.

**19.Советнички иницијативи и прашања**

Советничката Јагода Шахпаска постави прашање до Градоначалникот Драги Наџински каде бил на службено патување и како си поминал.

Градоначалникот Драги Наџински одговори дека бил во Р.Бугарија, во Европскиот секретаријат за регионален развој, кои биле домаќини, во придружба на Заменик-Министерот за Локална Самоуправа Сашо Лазаревски и со Државниот Секретар на истото министерство и Раководителот за Европски Фондови. Целта на тоа е доближување до измените и нормите кои се изготвени и се нови за аплицирањето на проекти преку ИПА програмата. Објасни дека ќе има мал ситен проблем околу бизнис-инкубаторот, но очекуваат дека до крај на месец мај ќе се добие измената во договорот кој веќе го имаат потпишано и ќе може да се распише по трет пат јавна набавка за изведувач. На 02. Во среда треба да се оди во Ќустендил, за добиениот втор проект за р.Брегалница, каде има мали измени на буџетот за флаери кои треба да бидат отпечатени, каде цените за нив малку се намалени, а воедно и прифатени. Договорите се спремани и се очекува во септември да се отпочне со проектот за кејот.

Советникот Јован Матеничарски постави прашање до Градоначалникот Драги Наџински околу новите измени за ДУП, а посебно за местото кај АТШ, да се среди корисничкото право на тој дел.

Градоначалникот Драги Наџински се изјасни дека ако се појави иницијатива за самофинансирање од сопствениците на местото кај АТШ, во ДУП да се стават маркици за нови објекти, ќе бидат подоцна ослободени од давачки за комуналии, ќе може да се донесе одлука на Советот и ќе биде ставено како точка на дневен ред. Со новата стопанска зона ќе има можност да се среди.

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен, Претседавачот со Советот  ја затвори 38.мата седница на Советот на Општина Берово која заврши во 12:30 часот.

**Бр.07-1285/1**
**Општина Берово,**
**06.07.2012 година**
**М.П.**

**Записничар**
**Зорица Ризовска**
____________________
**(потпис)**

**Претседавач со Совет**
**Славчо Аждерски**
____________________
**(потпис)**